Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-22/4
27.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-27/1 од 13.03.2020 поднесена од [redacted] од [redacted] против ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци за сторена дискриминација врз ненаведена/неутврдена основа во областа на вработувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 27.07.2021 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА** ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз ненаведена/неутврдена основа во областа на вработувањето и работните односи од страна на ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци при постапка за вработување во училиштето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 13.03.2020 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] со адреса на живеење на улица [redacted] против ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци.

Во претставката [redacted] наведува дека во училиштето била вработена како [redacted] од [redacted] 2017 година. Следствено нејзиниот договор за вработување бил два пати продолжуван преку јавен оглас до [redacted]2019 година, додека на [redacted].2019 подносителката го иницирала правото на породилно отсуство. Во моментот на завршување на договорот, подносителката на претставката се вратила во училиштето со цел да го продолжи договорот но и било укажано дека доколку го прекине породилното отсуство, ќе останела без него бидејќи веќе училиштето вработиле наставник како замена на нејзиното место односно наставникот бил избран по истекот на нејзиниот договор. Потоа, во декември 2019 година бил објавен јавен оглас од училиштето на кој се избира истиот наставник за кој подносителката смета дека е помалку квалификуван од неа бидејќи подносителката има положено стручен испит кој што е услов за трансформација на работното место и стаж потребен за истото. Дополнително, подносителката се пожали дека училиштето го бодувал нејзиниот тест по македонски јазик со 0 поени за што смета дека е нелогично врз основа на фактот дека основното, средното и факултетското образование го има завршено на македонски јазик.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на [redacted] веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 03.06.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-27/2 до општинско основно училиште ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци со барање за писмено произнесување на наводите од претставката.

ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави одговор на известување заведено под бр. 0801-27/3 од 21.06.2021 година. Во одговорот училиштето наведува дека Јавниот оглас со бр. 04-578/1 бил распишан на 16.12.2019 година. Со огласот се вработувало наставник по англиски јазик на определено време до крајот на учебната 2019/2020 година односно до 31.08.2020 година. За работното место, кандидатите било потребно да ги исполнуваат општите услови и посебните услови предвидени со член 3 и 39 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019) што вклучува најмалку 240 ЕКТС во соодветно образование, поседување на уверение за положен стручен испит по завршување на приправнички стаж, поседување

државјанство на РСМ и познавање на македонскиот јазик и кирилското писмо. Дополнително, се истакнува дека на јавниот оглас можат да се пријават и лица кои немаат положено стручен испит и притоа да засноваат работен однос на определено работно време до крајот на учебната година под менторство на наставник одреден од училиштето. Дополнително, училиштето истакнува дека случајот бил испитан од страна на Државниот просветен инспекторат – Кочани со дел. број ИП1 09-138 од 17.08.2020 година и нивен дел. број 03-218/1 од 18.08.2021 година и од страна на Државниот инспекторат за труд – Кочани со дел. број ИП1 бр. 30-65 од 11.02.2020 година и нивен дел. број 03-97/1 од 17.02.2020 година. Во постапувањето на двата инспекторати, не било утврдено прекршување на законите од страна на ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци. Училиштето исто така испрати и примерок од тестот по македонски јазик пополнет од страна на подносителката на претставката.

Комисијата ги истражи наводите на двете страни во постапката и ги анализираше во однос на утврдување на фактичката состојба потребна за оформување на мислење. Следствено, клучниот аргумент на подносителката на претставката во однос на нееднаквото постапување се втемелеше на нејзиното бодување во однос на тестот по македонскиот јазик. Имено, по направениот увид во тестот, се утврди дека подносителката освоила 45 поени од вкупно 100 на тестот по македонски јазик. Во тестот јасно е поставена бодовна табела што служи како методологија за бодување во ранг листата на бодување при постапката за вработување. Имено, апликантите добиваат плус поени во својата апликација за вработување доколку имаат освоено **најмалку 51 поен** на тестот. Врз основа на фактот што подносителката на претставката **има освоено 45 поени** на тестот, следствено, во конечната ранг листа на апликанти, во ставката бодување на тестот на македонски јазик подносителката на претставката освоила 0 поени. Во однос на аргументите за исполнување на критериуми на апликантите, сите апликанти кои ги исполнување условите за аплицирање на работното место имале еднаква можност да учествуваат во постапката за селекција и да бидат рангирани во конечната ранг листа на кандидати по огласот за вработување на наставник по англиски јазик. Дополнително, поседувањето на уверението за положен стручен испит на подносителката на претставката што е претставен како аргумент, е бодуван во конечната ранг лист.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци не извршил дискриминација врз [redacted] во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Основното училиште постапувало согласно законот, за што дополнително е потврдено и од страна на Инспекторатот за труд – Кочани и Државниот просветен инспекторат – Кочани. Од тие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Изготвил:
Исмаил Камбери – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Доставено до:
1.ОУ „Страшо Пинџур" од с. Соколарци
2.[redacted]